

Во Оревоец село, Марко се роди,
во градот Прилеп, занает доби,
терзиски дуќан, си отвори тој,
да си го обезбеди, животот свој.

Пред дуќан негов, многу често,
во редица, луѓе му стојат,
облека за себе, да си кројат,
костуми и бечви, за да шијат.

По градови и села, Марко шета,
облека таму, тој им шија,
за приказни и песни, слуша,
незапишани, нив не ги пропушта.

Со баби, често разговори прави,
за басни и лекови здрави,
децата мали, многу ги сака,
на сите, им милува рака.

По пазари, Марко често оди,
со народот многу, разговори води,
запишува таму, сé и сешто,
запишаното, не се губи лесно.

Марко Цепенков, на Балканов наш,
се издигна, за генијален маж,
запиша многу, приказни и песни,
Македонија со нив, духовно се лесни.

Со Шишмана, Марко направи средба,
записите, Шишман за да ги прегледа,
Шишман на Марко отчет му даде,
од записите негови, книга ќе издаде.

Радосен Марко, книгата ја држи в раце,
облеан од солзи, како дете плаче,
ти подарувам Македонијо, богати дела,
Македонијо мила, имаш нација зрела!

Томе Велјаноски - Марулецот,
Гетеборг, Шведска.